РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Академија за обука на судии и обвинители
„Павел Шатев“

# Одговорност на органите на управување на трговските друштва
## за надомест на штета

Судија Татјана Сусулеска
Апелационен суд Битола
03.06.2021 година

# ТРГОВСКОТО ДРУШТВО

- Со уписот во трговски регистар стекнува својство на правно лице
- Со бришењето на уписот во трговскиот регистар му престанува својството правно лице
- Трговското друштво одговара за своите обврски со сиот свој имот

# ОДГОВОРНОСТ ЗА ОБВРСКИТЕ

Содружниците на друштвото со ограничена одговорност и акционерите на акционерското друштво, не одговараат за обврските на друштвото, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

# ПОСЕБНА ОДГОВОРНОСТ

Според **чл.28 од Законот за трговските друштва –**

**неограничена и солидарна одговорност на содружниците односно акционерите за обврските на друштвото**

# ПОСЕБНА ОДГОВОРНОСТ

- **Постоењето на посебната одговорност**

  **НЕ СЕ ПРЕТПОСТАВУВА**

- **Постоењето на посебната одговорност**

  **ТРЕБА ДА СЕ ДОКАЖЕ**

# ПОСЕБНА ОДГОВОРНОСТ

Доколку не се докаже постоење на посебна одговорност, нема основ од содружниците или акционерите да се бара да ги платат обврските на друштвото.

# Одговорност на органите на управување на трговските друштва

## за надомест на штета на доверителите

„**Орган на управување**" е органот во акционерското друштво кому му е доверено управувањето на друштвото како на **одбор на директори** во едностепениот систем на управување, на управен одбор или на **управител** во двостепениот систем на управување, односно на управител, односно управители

,,**Орган за надзор**" е органот во друштвото со ограничена одговорност, односно во акционерското друштво (надзорен одбор или контролор) чии овластувања се поврзани со **надзорот над работењето на друштвото**, **а особено на работата на органите на управување**

# УПРАВУВАЊЕ СО ДОО

- Со ДОО управува управител или управители
- Должно внимание на уреден и совесен трговец- чл.241 од ЗТД
- Лична и неограничена одговорност на управителот за работење спротивно на закон и договор за друштвото

# Должно внимание на уреден и совесен трговец

Внимание на уреден и совесен трговец" е правен стандард за утврдување на одговорноста на лицата одговорни за управување и за надзор на друштвата, со којшто се определува со какво внимание овие лица треба да ги вршат доверените работи во друштвото, односно да се однесуваат со внимание на способен и (во работењето на друштвото) вешт човек (професионалец), при што тие одговараат за обична небрежност при вршењето на доверените работи, освен ако со друг закон не е определено дека одговараат само за груба небрежност;

# УПРАВУВАЊЕ СО ДООЕЛ

Со друштвото со ограничена одговорност од едно лице управува содружникот лично, или од него избран управител.

o

**Одредбите од овој закон што се однесуваат за одговорноста на управителот како застапник по закон во однос на третите лица, се применуваат на единствениот содружник како управител на друштвото**

# НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА ДОО

1. Надзорен одбор или контролор

2. Содружниците

# УПРАВУВАЊЕ СО А Д

- **Еднostепен систем – одбор на директори**
- **Двостепен систем – управен одбор или управител и надзорен одбор**

**ДРУШТВОТО САМО ГО ИЗБИРА СИСТЕМОТ НА УПРАВУВАЊЕ**

# О В Л А С Т У В А Њ А

ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ:

- ГО ИЗБИРААТ СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КАПИТАЛОТ
- ИМА НАЈШИРОКИ ОВЛАСТУВАЊА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО
- ГО ВОДИ РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО
- ЧЛЕНОВИТЕ - ПОЕДИНЕЦОТ, ОДГОВАРААТ ЗА СВОЈАТА РАБОТА

# Н А Д З О Р

**Надзорен одбор избран од собранието**

## ОБРСКИ ВО СЛУЧАЈ НА ЗАГУБА,ПРЕЗАДОЛЖЕНОСТ И НЕСПОСОБНОСТ ЗА ПЛАЌАЊЕ

**чл.354 од ЗТД :**

**Обврска на органот на управување со АД, за изготвување писмен извештај за покажана нова загуба според тримесечна или полугодишна пресметка**

# ВО СЛУЧАЈ НА НЕЛИКВИДНОСТ

**Ако настапила неспособност за плаќање на обврските или презадолженост – обврска е да се свика собрание на акционери,најдоцна во рок од 21 ден**

# ВО СЛУЧАЈ НА НЕЛИКВИДНОСТ

**ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ НЕ СМЕЕ ДА ПРЕДЛАГА ИЛИ ДА ВРШИ ИСПЛАТИ..........освен плаќања за вршење на редовно работење, но со внимание на уреден и совесен трговец**

# О д г о в о р н о с т

Членовите на органот на управување солидарно им одговараат на доверителите и на акционерите за <u>**предизвиканата**</u> штета ако постапиле спротивно на **чл.354 ст.1, 2 и 3 од ЗТД**

# О д г о в о р н о с т Чл.362 ст.4

Ако член на органот на управување грубо ја повреди својата должност да постапува со внимание на уреден и совесен трговец, барање за надомест на штета можат да поднесат и доверителите на друштвото ако своите побарувања не можат да ги намират од друштвото.

**5 годишен рок на застареност**

# ТУЖБА НА ДОВЕРИТЕЛ
# по чл.362 ст.4

1.Кога може да се поднесе тужба ?

2. Против кого се поднесува тужба?

3. Што треба да се докаже ?

- штета

- грубо непостапување со внимание на совесен трговец при исполнувањето на обврските на Органот – груба небрежност

**ОБВРСКИ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ И НАДЗОР**

- **Обврска во случај на загуба, на презадолженост и на неспособност за плаќање**

Член 354

- **Обврски при вршењето на овластувањата**

**Член 361**

# ОБВРСКИ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕЗАДОЛЖЕНОСТ- чл.354

1.Подготвување на извештај и свикување на собрание

2.Ако настапи услов за стечај, да се извести собранието во рок од 21 ден

3. Не се вршат исплати, освен оние за редовно работење.

# ОСНОВ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

**Постапување спротивно на одредбите од чл.362 и 354**

# ТУЖБА НА ДОВЕРИТЕЛ

Дали тужбата по чл.362 ст.4 од ЗТД и тужбата по чл.51 ст.8 и 9 од ЗС се исклучуваат меѓусебно?

Дали тужба по чл.51 од ЗС, е во врска со одредбите на чл.354 од ЗТД ?

Што после отворањето на стечајна постапка и после нејзиното заклучување?

# ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ
# чл.51 ст.8

Лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор се:

-лично,

-солидарно и

-неограничено одговорни за штетите што ги предизвикале на доверителите на трговското друштво или друго правно лице – должник....

# ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ
# чл.51 ст.8

ако не поднеле предлог за отворање на стечајна постапка, иако знаеле или морале да знаат за презадолженоста на трговското друштво или друго правно лице. Имотната одговорност за штети на лицата и органите не ја исклучува и не влијае врз можната казнена (кривична) одговорност на тие лица.

# ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ
# чл.51 ст.9

**Органите на должникот овластени за неговото застапување според закон, се должни да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка, најдоцна во рок од 21 ден од денот на настапувањето на причините за отворање на стечајна постапка.**

# УСЛОВИ ЗА СТЕЧАЈ

1.**ИНСОЛВЕНТНОСТ** – неспособност на должникот за плаќање на обврските

2.**ИДНА НЕСПОСОБНОСТ ЗА ПЛАЌАЊЕ**- должникот во иднина нема да може да ги исполни пристигнатите парични обврски

# УСЛОВИ ЗА СТЕЧАЈ

**Должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање**

# ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ
## чл.150

Надомест на штетата што заеднички ја претрпеле стечајните доверители заради намалување на имотот што влегува во стечајната маса пред или по отворањето на стечајната постапка (заедничка штета), во текот на стечајната постапка може да бара само стечајниот управник.

# ШТЕТА по чл.150 од ЗС

„ Намалување на имотот што влегува во стечајната маса пред или по  отворањето на стечајната постапка“

Дали ова е во врска со непостапување согласно чл.51 ст.8 и 9 ?

Дали треба да се докажува причинска врска помеѓу активноста на органите на управување на должникот и обемот на стечајната маса ?

# ШТЕТА - ЗОО

**Чл.141 ст.1 од ЗОО-**

**Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести.**

**Чл.142 од ЗОО –**

**Штетата е намалувањето на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист)**

**ШТЕТАТА да била предизвикана со ВИНА на одреден субјект ( во случајов орган на управување)**

# Што треба да докаже доверителот како тужител во парница?

Товарот на докажувањето –чл.205 ст.1 од ЗПП

Дека има побарување спрема должникот

Дека не успеал да го наплати од имотот на должникот – што значи обид за наплата на еден од законски предвидените начини

Дека во моментот на пристигнувањето на побарувањето должникот имал имот

Вина на органот на управување

# Што треба да докаже доверителот како тужител во парница?

**ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ** не поднесол предлог за отворање на постапка за стечај – не постапил согласно член 58 став 8 и 9 од Законот за стечај

**ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ** постапувал спротивно на чл.354 и 362 од ЗТД

**ДОЛЖНИКОТ** во тој период имал имот од кој можело да се наплати целото или дел од побарувањето

Што може да се докаже со В Е Ш Т А Ч Е Њ Е ?

# Што треба да докаже доверителот како тужител во парница?

**Ш Т Е Т А** - која не секогаш е еднаква на износот на побарувањето спрема должникот

**Ш Т Е Т А** - која претставува износ кој доверителот би го наплатил од имотот на должникот, доколку навремено била отворена стечајна постапка

**Ш Т Е Т А – која органот на управување треба да му ја надомести на доверителот**

# Докази на доверителот

Доказ за пристигнато побарување спрема должникот

**Доказ дека направил обид за наплата на еден од законски предвидените начини**

Доказ дека во моментот на пристигнувањето на побарувањето должникот имал имот

Доказ дека органот на управување постапил спротивно на стандардот на уреден и совесен трговец – односно член 354 и член 362 од ЗТД

# Докази на доверителот

Доказ за настапени услови за отворање на стечајна постапка спрема должникот

Доказ за висината на штетата

СИМУЛАЦИЈА НА СТЕЧАЈ?

# ТОВАР НА ДОКАЖУВАЊЕ ЗА ТУЖЕНИОТ?

**- да се побијат наводите и доказите на тужителот**

# Што треба да докаже тужениот - органот?

**Дека во период кога стасала обврската на доверителот, обврските ги извршувал со внимание на уреден и совесен трговец, во согласност со одредбите на ЗТД**

**Дека постапил согласно чл.51 ст. 8 од ЗС**

**Дека нема ВИНА за штетата што ја претрпел тужителот**

# СУДСКА ПРАКСА

прашања и дискусија